# Макроекономски движења во Република Македонија во ноември 2003 година

Во ноември 2003 година мерките на монетарната политика во координација со фискалната политика, обезбедија неутрализирање на движењата на девизниот пазар. Имено, регистрираните депресијативни притисоци врз девизниот курс на денарот заради повисоката нето-побарувачка за девизни средства, беа оперативно апсорбирани преку интервенција на НБРМ во насока на нето-продажба на девизни средства на девизниот пазар, така што девизниот курс на денарот се задржа на речиси непроменето ниво. Наспроти повлекувањето на примарни пари преку овој тек, намалениот износ на продадени благајнички записи и на државни депозити, делуваа во правец на креирање на примарни пари. Одржаната стабилност на девизниот курс на денарот е во функција на одржување на ниска и стабилна стапка на инфлација, која во ноември изнесуваше 0,6%. Просечната стапка на инфлација, мерена преку порастот на трошоците на животот, во изминатите единаесет месеци од 2003 година изнесуваше 1,1%.

Од аспект на економската активност, индустриското производство, како главен генератор на растот, на кумулативна основа е повисоко за 6,1% во споредба со периодот јануари-ноември 2002 година, главно како резултат на зголеменото производство на прехранбени производи, основни метали, деривати на нафта и електрична енергија. Истовремено, подинамичниот пораст на извозот (21,3%) од увозот (14,5%) на кумулативна споредбена основа, како и повисокото учество на капитални добра и стоки за доработка во увозот, укажуваат на зголемена економска активност во Република Македонија.

Индикаторите од монетарниот сектор, пред се меѓугодишниот пораст на вкупните депозити и вкупните пласмани на банките кај приватниот сектор (за 23,0% и 10,2%, соодветно), како и сведувањето на просечната пондерирана каматна стапка на благајничките записи на 6,12% (по преминувањето кон тендер на каматни стапки во октомври), создадоа предуслови за натамошно намалување на каматните стапки на НБРМ. Имено, во ноември каматната стапка на ломбардните кредити беше намалена од 16,0% на 14,0%, а каматната стапка на задолжителната резерва на банките од 5,0% на 4,0%. Во ноември 2003 година, просечната пондерирана каматна стапка на краткорочни денарски кредити на деловните банки изнесуваше 14,7%, а просечната пондерирана каматна стапка на тримесечните денарски депозити 7,1%. Просечната пондерирана каматна стапка на пазарот на пари во ноември 2003 година изнесуваше 7,3% (месечно намалување од 0,6 процентни поени) во услови на помал обем на тргување со ликвидни средства на овој пазар.

Во ноември 2003 година, порастот на готовите пари во оптек и депозитните пари на населението услови скромен пораст на паричната маса М1 за 0,2%. Намалувањето на девизните депозити на претпријатијата, и покрај порастот на денарските и девизните депозити на населението, беше причина за месечното намалување на монетарниот агрегат М2 од 0,7% и на монетарниот агрегат М4 од 0,8%. Анализирано на годишна основа, монетарните агрегати М2 и М4 остварија висок пораст од 15,6% и 13,0%, соодветно, согласно значително повисокото ниво на краткорочно денарско и девизно штедење.